# ИЗВЕШТАЈ

од самоевалуација на ООУ „ПЕТАР МУСЕВ“ Богданци период _2023-2025___ година

Врз основа на Законот за основното образование(„Службен весник на РСМ“ _ бр.161/19 и 229/20 година) Општинското основно училиште „ПЕТАР МУСЕВ“ изврши самоевалуација на работата на училиштето за период од __2023-2025_ година.

За таа цел, на предлог на директорот на училиштето, Училишниот одбор на својата седница одржана на 12.02.2025 година формираше комисија за спроведување на самоевалуацијата во следниот состав: **Невена Петрушева, Елисавета Карастојанова, Адријана Тодорова, Милица Вангелова и Петар Стојчевски**

Самоевалуацијата беше спроведена во периодот февруари – јуни 2025 година. За нејзино успешно спроведување, Комисијата обезбеди активно учество на целиот воспитно-образовен кадар во процесот, со тоа што беа формирани 4 тима за 4 клучни подрачја во чии рамки се вршеше самоевалуацијата, односно:

| Подрачје | Членови на тимот |
|---|---|
| 1.Планирање, настава и учење | Снежана Енцекчева<br>Милица Данаилова<br>Ивана Димовска<br>Дитка Дронова<br>Катерина Чрчева<br>Томида Окова |
| 2.Постигања на учениците | Марија Петрушева<br>Елеонора Трајкова<br>Марија Бојкова<br>Адријана Тодорова<br>Кристина Каракабакова<br>Богомил Марков |
| 3.Училишна клима и односи во училиштето | Елисавета Карастојанова<br>Ванга Ванчева<br>Јованка Прошева<br>Софија Петрушева<br>Ристо Живковиќ<br>Маринела Сапламаева |
| 4.Управување и раководење | Оливера Прочкова Узунова<br>Фиданка Енцекчева<br>Наталија Манолева<br>Николинка Ќамилова<br>Ирена Попова<br>Камелија Младеновска |

Тимовите спроведоа анкети, интервјуа, извршија увид во потребната документација и изворите, врз основа на што ги обезбедија сите потребни податоци и материјали, според кои дадоа описи на постигнатоста на индикаторите во рамките на своето подрачје. Секој тим за своето подрачје направи опис/резиме на подрачјето, ги издвои силните и слабите страни и предложи приоритети, врз основа на кои понатаму ќе се темели изготвувањето/реализацијата на Развојната програма на училиштето.

По завршената работа, секој тим ја достави целосната документација од самоевалуацијата до Комисијата, која повторно ги разгледа сите документи и ги оформи во една целина.

Со цел да се обезбеди транспарентност на процесот, на седницата на Наставничкиот совет одржана на _30.06.2025 година секој тим ги образложи резултатите од својата работа, силните и слабите страни, како и предложените приоритети. Наставничкиот совет воедно дискутираше и се договараше во однос на тоа кои приоритети треба да бидат клучни за изготвување/реализација на стратешките и развојните цели во Развојната програма на училиштето.

Во овој извештај ќе го презентираме описот/ резимето, силните страни, слабите страни и приоритетите во однос на секое подрачје.

| **Подрачје 1: Планирање, настава и учење** |
| --- |
| **Опис/резиме на подрачјето**<br><br>1. Во училиштето сите наставници имаат изготвено Годишни и тематски планирања според работниот календар, кои на почетокот на учебната година ги доставуваат на увид  кај стручната служба која повратно ги информира за квалитетот на изработените планирања. Најмалку два пати во едно полугодие се следат планирањата на наставниците од страна на стручната служба и доколку има потреба од поддршка, преку консултативно –советодавни разговори се дава поддршка;<br><br>2. Наставниците најмалку два пати во полугодие разменуваат искуства за планирањата во рамките на стручните активи, но користат и стручни искуства од различни медиуми и од регионална соработка со други училишта. Планирањата кај најголем број наставници се подобрени како резултат на размената на искуства и користење стручни искуства од различни медиуми, од регионална соработка со други училишта;<br><br>3. Наставата по сите наставни предмети се реализира редовно и во пропишаниот обем согласно донесените документи од МОН и БРО;<br><br>4. Постапката за изборни предмети се спроведува во целост, со доследно почитување на потребите и барањата на учениците. Изборот е според наставниот план и програма и Водичот за слободни изборни предмети во основно образование; |

5. Најголем број од наставниците задачите и активностите ги приспособуваат на индивидуалните образовни потреби на учениците, користејќи различни приоди и ресурси за учење и настава без да се ограничуваат на учебници и дополнителна прирачна литература. За учениците со ПОП се користат методи и техники според нивните потреби;

6. Наставниците максимално се трудат да ги вклучат сите ученици во активностите на часовите, почитувајќи ги нивните интереси. Најголем број од наставниците се однесуваат со учениците на начин кој промовира взаемно почитување, помош, соработка и разбирање без оглед на полот, социјалниот статус и етничката и религиска припадност;

7. Сите наставници се однесуваат со учениците на начин кој промовира взаемно почитување, помош, соработка и разбирање. При тоа не прават разлика меѓу учениците според нивниот пол, социјалното потекло, етничката и религиска припадност.

8. Инклузивниот тим обезбедува поддршка за изработка на ИОП по сите наставни предмети и работи на професионалната ориентација на децата со посебни образовни потреби. Училиштето не располага со асистивна технологија. Пристапот во училиштето, просторот во ходниците и во училиштето, тоалетите во приземниот дел на училиштето се приспособени на потребите на учениците со физичка попреченост. Училиштето нема рампа ниту лифт за пристап за ученици со физичка попреченост на првиот спрат од училиштето;

9. Тимот за училишна интеграција го спроведува акцискиот план и ја следи реализацијата на МИМО активностите од Годишната програма за работа на училиштето. Училиштето нема реализирано заеднички активности со партнерското училиште во последните две години.

10. Учениците и родителите го доживуваат училиштето како безбедна, стимулативна и мотивирачка средина, што поттикнува интерес за учење. Атмосферата на наставните часови е пријатна и поттикнувачка.

11. Наставниот кадар и стручните соработници системски ги идентификуваат индивидуалните образовни потреби на учениците. Во процесот на учење преземаат активности за задоволување на потребите и отстранување на пречките при учењето.

12. Иако мал број од учениците сметаат дека оценувањето е праведно, од дискусијата со наставниците констатирано е дека оценувањето е праведно, транспарентно и добро организирано и скоро секогаш проследено со образложение и дискусија од страна на наставниците и учениците, која пак во голема мера им помага на учениците да ги подобрат своите постигања. Наставниците сметаат дека учениците не се секогаш објективни во однос на проценката колку знаат и оценката која ја добиле од наставникот. Училиштето ги следи постигањата од еден во друг циклус, ги согледува и анализира причините и презема активности за нивно надминување.

13. Училиштето во текот на цела учебна година планира и реализира разновидни воннаставни активности во зависност од потребите и интересите на учениците. Планот за воннаставни активности содржи голем избор на активности како и различни форми за вклучување на учениците со цел поддршка на нивниот личен и социјален развој.

14. Во нашето училиште во воннаставните активности се вклучени и ученици со посебни образовни потреби, како и ученици кои потекнуваат од семејства со низок социо-економски статусбез разлика на пол или етничка припадност.

15. Учениците се вклучуваат во воннаставните активности според сопствен избор. Поголем дел од учениците се вклучени во подготвувањето на програмите за воннаставни активности.

16. Училиштето организира училишни натпревари за селекција на ученици за натпревари на повисоко ниво. Учениците со помош и поддршка од училиштето и од наставниците учествуваат на бројни натпревари и конкурси од различни области што се организираат на општинско, регионално и државно ниво од акредитирани здруженија на наставници. Нашите ученици постигнуваат значајни резултати на општинските, регионалните и државните натпревари и конкурси.

**Силни страни**

- Училиштето им дава поддршка на наставниците за поуспешно подготвување и осовременување на планирањата;
- Наставниците користат стратегии на поучување кои се соодветни на образовните потреби и можности на учениците
- Различните ресурси се употребуваат на функционален начин и во насока на примена на современи приоди во наставата;
- Во училиштето работи Училишен инклузивен тим, формиран со решение на директорот на училиштето;
- Во училиштето има добри примери на активности преку кои се негува меѓуетничката интеграција во образованието и мултикултурализмот;
- Учениците го доживуваат училиштето како безбедна, стимулативна и мотивирачка средина;
- Наставниците ги охрабруваат учениците самостојно и критички да мислат, поставуваат прашања и да изведуваат заклучици;
- Наставниот кадар и стручните соработници системски ги идентификуваат индивидуалните образовни потреби на учениците;
- Училиштето планира и реализира воннаставни активности кои ги одразуваат и задоволуваат потребите и интересите на учениците и кои го поддржуваат нивниот личен и социјален развој.

**Слаби страни**

- Училиштето не располага со асистивна технологија од аспект на образовен хардвер и софтвер за ученици со интелектуална попреченост и аутизам
- Училиштето нема рампа ниту лифт за пристап за ученици со физичка попреченост на првиот спрат од училиштето
- Недоволна вклученост на учениците во активности со ученици од друг наставен јазик, други култури (од друго училиште) во последните две учебни години

**Приоритети**

- Набавување на асистивна технологија и обука на кадарот за работа со асистивна технологија
- Обезбедување пристап за ученици со физичка попреченост на првиот спрат од училиштето

- Вклучување на учениците во активности со ученици од друг наставен јазик, други култури (од друго училиште)

**Подрачје 2: Постигања на учениците**

**Опис/резиме на подрачјето**

Во подрачјето „Постигања на учениците“ направена е анализа на постигнатиот среден успех на учениците по предмети, компаративна анализа на средниот успех при премин од IV во V одделение за одбрана група ученици, компаративна анализа на средниот успех при премин од одделенска во предметна настава, како и при премин од деветто одделение во прва година средно училиште. Направена е и детална анализа на резултатите од анкетите спроведени на: ученици, наставници и родители од нашето училиште.

**Силни страни**

- Редовно следење на постигањата на учениците со компаративни анализи и прегледи
- Разгледување на постигањата на учениците на сите стручни тела и органи во училиштето
- -Информирање на родителите за постигањата на учениците
- Стимулирање на учениците за учество на општински, регионални и државни натпревари
- Вклучување на учениците во интерни проекти по повеќе наставни предмети (преку изработка на цртежи, пишување поезија и проза, рецитирање)
- Почитување на принципот јавност и континуираност во оценувањето
- Еднаков третман на учениците без разлика на пол, етничка припадност и способност
- Солидно информирање на родителите за успехот на нивните деца
- Редовно изложување на трудовите на учениците
- Отстранување на стереотипите за машки и женски активности и професии
- Евиденција за наппредокот на учениците им е достапна на родителите
- Евиденција за успехот и поведението на учениците родителите добиваат преку евидентни листови

**Слаби страни**

-Немање соодветни услови за работа поради состојбата со кровот

-Незначителен дел од учениците сметаат дека наставниците постојано ги мотивираат за нивниот успех

-Незначителен дел од учениците сметаат дека би им била овозможена дополнителна настава доколку имаат потреба од тоа

-Мал дел од учениците сметаат дека материјалот би им бил разјаснет на различни начини доколку има потреба од тоа

- Незначителен дел од учениците сметаат дека ќе им биде овозможена додатна настава доколку има потреба од тоа

- Слаба мотивација на учениците за посетување на дополнителна и додатна настава

- Ученици од предметна настава кои имаат проблем со читање и таблица множење

- Немање спортска сала

-Непочитување на кодексот на однесување од страна на некои учениц

**Приоритети**

- Обезбедување соодветни услови за работа, преку санирање на кровот и отстранување на последиците од прокиснување
- Поголема мотивација на сите ученици за постигнување на подобар успех
- Поттикнување на учениците да посетуваат дополнителна и додатна настава доколку имаат потреба од тоа или да побараат било каква потребна помош
- Намалување на бројот на ученици во предметна настава кои имаат проблем со читање и таблица множење
- Зголемување на бројот на ученици кои го претставуваат нашето училиште на општински, регионални и државни натпревари
- Обезбедување на спортска сала

**Подрачје 3: Училишна клима и односи во училиштето**

**Опис/резиме на подрачјето**

Сите извори на податоци се од квалитативен карактер за индикаторот углед/ имиџ на училиштето, покажуваат дека училиштето со постигањата на учениците се истакнува во локалната средина. Меѓутоа проблемите со прокиснувањето на покривот, како и неможноста за адекватно изведување на часовите по ФЗО драстично го намалуваат угледот и имиџот на училиштето.

Сите чинители на Кодексите на однесување активно учествуваат во неговото креирање, спроведување и ажувирање. Во поголем и најголем број родителите сметаат дека се вклучени во овој индикатор. И поголем број од учениците сметаат дека се почитуваат правилата во кодексот.

Постои взаемно почитување и соработка, вклученост и инволвираност во сите активности во училиштето, од страна на наставниците, учениците и родителите. Учениците работат во позитивна и инклузивна училишна клима, која ги мотивира за постигнување повисоки успеси.

Дисциплината на ниво на училиште задоволува, квантитативните резултати покажуваат дека родителите и учениците со поголем број сметаат дека училиштето добро се справува со дисциплината и се запознаени со последиците.

Учениците се мотивирани од наставниците и се дирекни учесници во донесување одлуки и решавање на важни прашања во училиштето, со давање на нивни предлози, идеи и активизам преку Ученичкиот парламент и Ученичкиот првобранител.

Во поголем број учениците, родителите и наставниците се запознаени со правата на децата, истите се почитуваат, учлествуваат во активности за нивна промоција и знаат каде да се обратат доколку се прекршени детските права.

Учениците имаат еднакви права и еднакви можности за учество во наставните и воннаставните активности.Родителите се задоволни од третманот на нивните деца и реакциите на училиштето доколку има поплаки.

Соработката помеѓу родителите и училиштето е солидна, со взаемно разбирање, учество во животот во училиштето. Мислењата на родителите се почитуваат и влијаат врз релевантни одлуки кои се носат во училиштето.

Училиштето има солидна соработка со локалната заедница, каде се соработува на заеднички проекти, манифестации, акции кои се во интерес на училиштето и заедницата.

Училиштето има протокол за кој се дефинирани сите облици на насилство и начините на постапување. Сите структури кои се дел од училиштето се задоволни  од справување со насилното однесување.

Во училиштето се реализираат активности за заштита од штетните влијанија на пушењето, алкохолот и наркотични средства. Мал број на ученици учествуваат во овие активности.

Училиштето води кампања за здрава храна, но не обезбедува оброк за учениците, тоа го прават родителите / старателите. Родителите се грижат за обезбедување на здрав и балансиран оброк на учениците.

Училиштето врши дезинфекција, дератизација и дезинсекција два пати во календарска година. Поголем број на ученици сметаат дека училиштето е нечисто и неуредно. Коментарите се насочени кон санитарните јазли, хигиената и миризбата во истите.Хигиената делумно задоволува.

Индикаторот грижа за безбедноста делумно задоволува. Иако училиштето ги има превземено законските мерки за грижа, заштита и безбедност на учениците и вработените, проблемот со протекување на кровната конструкција и влагата ја отежнува наставата и движењето во училиштето. Од 26.03.2025 г. наставата се изведува на друга локација -  во СОУ„Богданци“.

Училиштето покажува посветеност во поддршката на учениците од социјално загрозени семејства преку хуманитарни активности, соработка со локални институции и инклузивен пристап во наставата. Со вакви мерки се обезбедува еднакво учество и спречување на дискриминација, што придонесува за создавање поддржувачка и праведна училишна средина.

Училиштето е подготвено да обезбеди настава во домашни или болнички услови за ученици со сериозни здравствени проблеми, согласно Законот за основно образование. Иако досега не

е имало потреба од ваква организација, воспоставен е јасен протокол за постапување во вакви случаи, со цел навремена и соодветна поддршка на учениците.

Училиштето активно се грижи за менталното здравје и емоционалната добросостојба на учениците преку работилници, едукативни програми и поддршка од стручната служба. Поголем дел од учениците, наставниците и родителите имаат доверба во училиштето и го препознаваат неговиот ангажман.

Училиштето систематски го организира процесот на професионална ориентација преку наставни и воннаставни активности, особено со учениците од деветтите одделенија. Стручната служба и одделенските раководители активно работат на информирање и насочување на учениците, а родителите во најголем дел препознаваат и ја ценат оваа поддршка при изборот на понатамошното образование.

**Силни страни**

- **Силни страни на училиштето во г**рижа за учениците од социјално загрозени семејства
- **Активна идентификација и поддршка на ученици во социјален ризик.**
- **Континуирана соработка со надворешни чинители,** што овозможува реална и ефикасна поддршка за учениците од ранливи категории.
- **Организирање на хуманитарни акции и лична вклученост на наставниците Недискриминаторска училишна средина**
- **Инклузивна наставна практика**
- **Силни страни на училиштето во однос на грижа за социо-емоционалното добросостојба и здравје на учениците:**
- **Доверба во стручната служба**
- **Превентивни активности за ментално здравје**
- **Перцепција на наставниците и родителите за поддршката во училиштето**
- **Отвореност и пристапност на наставниот**
- **Подготвеност за користење на стручна поддршка и перцепција за поддршката од училиштето**

**Слаби страни**

- **Слаби страни на училиштето во областа на хигиена**
- **Недоволно задоволителна хигиена на тоалетите**
- **Недоволно хортикултурно уреден училишен двор**
- **Слаби страни во областа на грижа за безбедноста на учениците и вработените**
- **По добиените резултати од анкетата и фокус групите, индикаторот грижа за безбедноста на учениците и вработените, делумно задоволува**
- **Физичка инфраструктура**
- **Прокиснување на кровот**
- **Лизгави подови**
- **Влага и мувла** – присуство на влага и мувла во повеќе простории, што негативно влијае врз здравјето на учениците и вработените.

- **Нестабилна кровна конструкција** – според коментари и официјален извештај од ИЗИС, кровната конструкција е небезбедна, што претставува сериозна закана за сите во училиштето.
- **Здравствено-безбедносни ризици ризик од респираторни и кожни инфекции и физички повреди**

**Приоритети**

**1. Итна санација на кровната конструкција**
**2. Решавање на проблемот со влагата и мувлата**
**3. Реновирање на оштетените подови од влага**
**4. Подобрување на комуникацијата и довербата со сите засегнати субјекти во воспитно-образовниот процес преку транспарентна комуникација за преземените мерки и планови за подобрување на безбедноста.**

**Подрачје 4: Управување и раководење**

**Опис/резиме на подрачјето**

Највисок орган на управување во училиштето е Училишниот одбор. Училишниот одбор е конституиран во согласност со законската регулатива и неговата работата е јасно дефинирана со Деловник за работа на УО. УО има воспоставено добар партнерски однос со раководниот орган и со другите училишни тела. Сите членови се запознаени со надлежностите и детално ги разгледуваат и усвојуваат програмските документи на училиштето. Според Законот за основно образование на Училиштен одбор се покануваат и во неговата работа учествуваат и двајца претставници на учениците избрани од  Ученички парламент, но без право на глас. Со состаноците раководи претседателот на Училишниот одбор и задолжително се води записник за секој состанок. Одлуките се носат на состаноците со мнозинство гласови од вкупниот број членови.

Раководен орган на училиштето е директорот на училиштето. Директорот има отворена соработка со Наставнички совет, Совет на родители и сите институции поврзани со работата на училиштето. Во целокупната работа директорот ги имплементира новитетите согласно Концепцијата за основно образование, и препораките од ДПИ, БРО и МОН кои се однесуваат на тековни настани и ситуации со кои се соочува образовниот процес. Директорот ги следи акциските планови кои се планирани за реализација на Развојната програма за работа на училиштето со што се стреми кон обезбедување на квалитет на наставата и го води училиштето кон исполнување на критериумите за квалитетно училиште.

Директорот одговара на потребите за наставни средства и материјали кои се утврдуваат преку барањата на наставниците и активите и согласно потребите при воведувањето на Концепцијата за основно образование. Училиштето се снабдува со потрошен материјал преку буџетските финансии. Библиотечниот фонд постојано се збогатува со цел да се задоволат потребите на учениците и потребите за наставата. Поради тоа што училиштето не располага со спортска сала и часовите по физичко образование во зимскиот период се одвиваат во адаптирана просторија или во холот на училиштето.
Сè уште постои проблем со протекување на кровот на училиштето. Во тек е изготвување на проект за санација и повторна реконструкција и поради зголемената влага и мувла во поголем дел од училишните простории од април 2025 година наставата е дислоцирана во просториите на СОУ „Богданци"- Богданци.

Воспитно образовниот процес го остваруваат 36 наставници од кои 24 се во предметна настава и 12 се во одделенска настава, од кои две држат комбинирана настава во Подрачното училиште во с. Ѓавото. Обезбедувањето на наставниот кадар е според Законот за основно образование и правилата и нормите на БРО и МОН. Наставниот кадар е квалификуван да ги преземе одговорностите во наставата согласно потребите на учениците и училиштето во целина. Наставниците работат тимски и во рамките на стручните активи со што се придонесува кон ефективно работење на училиштето. Секој наставник е соодветно распореден на работно место со што се запазува и неговата квалификација. Во случај на пократко отсуство на член од наставниот кадар училиштето има начин за брза замена, а во случај на подолго отсуство се ангажира наставник со договор на дело. Училиштето нема развиено систем за наградување и пофалување на наставниците.
Програмата за Професионален развој на воспитно образовниот кадар се изготвува врз основа на анализа на Личните планови за професионален развој кои си ги изготвуваат наставниците и нивните потреби. Секоја година се врши дисеминација на базични обуки, посети на акредитирани обуки организирани од БРО односно МОН, како и индивидуално стручно усовршување преку учества на семинари, вебинари и конференции. Се подготвуваат извештаи и евалуација од кои понатаму произлегуваат наредните приоритети за професионален развој.

Исто така, училиштето има и наставник- ментор одобрен од МОН кој одговара на потребите и обврските пропишани од МОН.

Директорот ја почитува законската регулатива за професионален и кариерен развој на кадарот, така што наставниците можат да се усовршуваат и да ги следат тековните трендови и промени во образованието.

Процедурите за креирање на училишна политика се спроведуваат врз основа на слабите и јаките страни изведени од самоевалуацијата. Своите политики училиштето ги имплементира во Годишната програма за работа и Програмата за развој и се согласно дадените насоки од страна на БРО и МОН. Училиштето ги информира наставниците и родителите преку формалните органи за своите поставени цели, нивното реализирање и постигнатите резултати. Во нивната реализација се вклучени дел од наставниците, локалната заедница и родителите се запознаени со креирање на развојната политика. Потребите за усовршување на наставниот кадар се идентификуваат преку стручните активи и наставнички совет. Обезбедување на нагледни средства е според можностите и потребите. И покрај објавување на формалните документите на официјалната веб страна на училиштето дел од субјектите се недоволно

| |
|---|
| информирани за повеќе сегменти во работата на училиштето, што се сведува на личните и индивидуални интереси на единките при пребарување информации поврзани со училиштето.<br><br>Директорот ги информира органите и телата во училиштето за училишниот буџет и неговото трошење и има финансиски план во кој се регулирани процедурите за обезбедување и распределување на финансиските средства. Училишниот буџет се одобрува од страна на УО и Советот на општината и тој се користи наменски, а во најголема мера се користи за приоритетите поврзани со тековно одржување- комунални услуги, греење, комуникација, превоз на ученици, хигиена, ситен инвентар и поправки. Дел од субјектите немаат информации за буџетското трошење на училиштето иако информациите се достапни за секој кој го интересира да се информира повеќе околу трошењето на буџетот. |
| **Силни страни**<br><br>• Целите на училиштето се креирани согласно државната и локалната образовна политика.<br>• Училиштето се грижи и го поттикнува професионалниот развој на наставниот кадар.<br>• Училиштето организира обуки и овозможува присуство на обуки.<br>• Училиштето е посветено на набавување потребни материјални и нагледни средства согласно потребите и можностите.<br>• Училишниот одбор работи согласно законската регулатива и Статутот на училиштето.<br>• Училишниот одбор има одлична соработка со Директорот и локалната заедница.<br>• Училишните тела и органи остваруваат солидна комуникација и соработка. |
| **Слаби страни**<br><br>• Училиштето нема разработено систем за наградување и пофалување на работата на наставниците.<br>• Не се сите субјекти целосно информирани за постигнувањата на училиштето како и неговото финансиско работење.<br>• Немање соодветна спортска сала за потребите на училишните и наставните потреби.<br>• Нерешен проблем со протекување на кровот. |
| **Приоритети**<br><br>• Решавање на проблемот со протекувањето.<br>• Обновување на подовите и реновирање на фасадата.<br>• Изградба на училишна спортска сала.<br>• Воспоставување на систем за наградување и пофалување на работата на наставниците.<br>• Подобрување на механизмите за подобро информирање за постигнатите резултати на училиштето и неговото работење и реализирани активности.<br>• Подобрување на механизмите за информирање на сите засегнати субјекти за финансиското работење на училиштето. |

## Предлог-мерки за подобрување на квалитетот на работата на училиштето

*Комисијата за Самоевалуација според анализата на состојбите во четирите подрачја на дејноста ги предлага следниве мерки:*

- *Неопходно е обезбедување здрави физички услови за работа согласно стандардите за физички услови за основно образование: кров, подови, пристапна рампа за спрат, асистивна технологија за деца со аутизам, фискултурна сала;*
- *Подобрување на мотивацијата преку награди за постигнати успеси за наставниците и учениците;*
- *Транспарентност за сите субјекти за финансиското работење;*
- *Планирање и реализирање партнерски активности со училишта и ученици од други култури.*

Комисија за спроведување на СЕУ:

Невена Петрушева --------------------

Елисавета Карастојанова--------------------

Адријана Тодорова--------------------

Милица Вангелова--------------------

Петар Стојчевски--------------------